Република Македонија
**Министерство за економија - Биро за метрологија**

Бр. 0302-3174/2
Скопје 06.10.2016 год.

**До**

______________________________
______________________________
______________________________

Влада на Република Македониј
Министерство за економија
Биро за метрологија
Бул.„Јане Сандански" 109а
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 2403676
Факс: (02) 2444677
bom@bom.gov.mk
www.bom.gov.mk

**Предмет:** Известување

**Почитувани,**

**Информација за завршеток на транзициониот (преодниот) период за мерилата кои се употребуваат во законската метрологија**

- **Мерила произведени според старите прописи и коишто немаат прва верификација во Република Македонија:**

**Мерилата што се произведени според прописите наведени во член 18 во ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година) можат да се пуштат во промет или да се стават во употреба во Република Македонија до истекот на нивното одобрување на тип но најдоцна до 30 октомври 2016 година.**

До 30 октомври 2016 година треба да биде завршено секое испитување на тип на мерило и упис на сертификат од европската унија за типско испитување за сите мерила кои се произведени според прописите наведени во член 18 во ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година) – прописите кои се укинати со објавување на наведениот правилник во Службен весник на Република Македонија. Исто така потребно е да се поднесе барање за прва верификација на сите мерила кои се одобрени според тие прописи најдоцна до 30 октомври 2016 година.

Во продолжение даден е само еден пример за изгледот на европски ЕС знак за типско одобрување издаден од РТВ Германија (ако е внатрешно државен ќе биде без буквата D во ознаката) и кој се наоѓа на натписната плочка со идентификационите податоци на мерилата произведени пред влегувањето во сила на ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година):

D79
6.131.02

или

7.745
04.12

На мерилата произведени пред влегувањето во сила на ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година) треба да има и жиг за европска верификација и во продолжение даден е изгледот на жигови од неколку европски земји:






На мерилата треба да има и службена ознака за упис во регистерот од Република Македонија, на пример:

**МК – XX – XX – XXXXX**

Република Македонија
**Министерство за економија - Биро за метрологија**

Бр. 0302-3174/2
Скопје 06.10.2016 год.

**Но, на мерилата нема ознака за прва верификација – жигови и жиг-налепница од Република Македонија (не е направена прва верификација на мерилата во Република Македонија), на пример:**

МК 16 | МК 16 xxxxxx

- **Мерила произведени според старите прописи и коишто ги исполнуваат барањата од тие прописи, се употребуваат и имаат важечка прва верификација во Република Македонија:**

**Мерилата коишто се произведени според прописите кои престанаа да се применуваат со денот на влегувањето во сила на ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година) наведени во член 18, се употребуваат и имаат важечка прва верификација врз основа на прописите од член 18 и коишто ги исполнуваат барањата од тие прописи можат да се предадат на редовна или вонредна верификација во согласност со тие прописи, до истекот на важноста на нивното одобрение на типот донесено според тие прописи, односно сé додека ги задоволуваат барањата од прописот врз чија основа се пуштаат во употреба.**

- **Мерила произведени според ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година):**

**Мерилата коишто се во согласност со одредбите на ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година) можат да се пуштат во промет или да се ставаат во употреба во Република Македонија од денот на влегувањето во сила на ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година).**

Пример за ознаки на мерилата произведени според ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛАТА („Службен весник на Република Македонија“ број 17 од 08.02.2010 година):

**DE – 06 – MI001 – PTB006**

CE M14 0102

**МК – XX – XX – XXXXX**

МК 16 | МК 16 xxxxxx

**Раководител на сектор за верификација,**
**Марјан Треневски**